ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Бр. 28/3-1607-7 од 17.05.2022 год.

Во врска со предметот бр.28-3/1607 од 19.04.2022 година кој се однесува на оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија ја даваме следната:

# СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

1. Според Изводот од план со бр. 259/2022 од ДУП Маџари - Хиподром, Општина Гази Баба-Скопје, (донесен со Одлука на Совет на Општина Гази Баба бр.07-293/3 од 29.02.2008 год.) издаден од Општина Гази Баба под бр. 28-3/1225-2 од 31.03.2022 год. формирана е ГП 3.13, КП 2142/106 КО Маџари, со намена домување во станбени куќи - А1.

   Согласно Одлука за утврдување на зони на градежно земјиште по подрачјето на Општина Гази Баба за спроведување на постапки согласно Законот за градежно земјиште (Службен гласник на Општина Гази Баба бр. 3/2012) **подрачјето е вонцентрално.**

2. Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци со бр.2204-104/3 од 06.05.2022 година изработен од ДТГПКУ Гео Премер КАТ Дооел Скопје **е изработен** согласно Изводот од план со бр.259/2022 за **ГП 3.13,** КП 2142/106 КО Маџари, издаден од Општина Гази Баба под арх. бр.28-3/1225-2 од 31.03.2022 год.

3. Податоците за градежната парцела во списокот на податоците за формирање на градежна парцела во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци со бр. 2204-104/3 од 06.05.2022 година изработен од ДТГПКУ Гео Премер КАТ Дооел Скопје, **се во согласност** со графички прилог- скица за извршено споредување.

Констатација:

Од урбанистички аспект **не постојат** пречки за оттуѓување на предметното градежно земјиште сопственост на Република Македонија.

Комисија:
Стојка Долиќоска, диа
Благица Блажевска, диа
Сања Јосифова , дги